# ДАНСКА

## Природни одлики

Данска е полуостровска и островска земја, бидејќи 2/3 е на полуостровот Јиланд, кој го одделува Северното од Балтичкото Море, а 1/3 се наоѓа на 92 острови кои лежат околу овој полуостров.Меѓу нив поважни се: Селанд, Лоланд, Фалстер, Фин, мен и др. Географска положба на Данска е доста добра. Во тоа придонесуваа повеќе фактори меѓу кои и фактот што полуостровскиот и островскиот дел се многу доближени до Скандинавскиот Полуостров така што Данска е природен мост меѓу Северна и Средна Европа и фактот што патот од Север(од Балтичкото Море) води преку протоците Скагерак и Категат кои ја заобиколуваат Данска.




Сл.1 Географска положба на Данска

На Данска и припаѓаат и Фарските Острови и Гренланд, кој е најголем остров во светот.Фарските Острови се наоѓаат во Атлантскиот Океан, помеѓу Шкотска, Норвешка и Исланд.Тие се автономен регион на Кралството Данска од 1948 година. Гренланд е остров во Северниот Леден Океан и автономна земја во рамките на Кралството Данска.



Сл.2 Географска положба на Гренланд(обоен црвено) и Фарските Острови(заокружени со црвено)

Данска има копнена граница само на југ кон Германија, додека од другите три страни е обиколена со мориња. Во овие граници зафаќа површина од 43 075 $км^2$.

Брегот на Данска е различен. Западниот брег не е многу разгранет и е изложен на чести бури, поради што е опасен за пловидба. Источниот брег е доста разгранет и всечен со многубројни фјордови, од кои најзначаен е фјордот Лим кој врши функција на канал. Должината на бреговата линија изнесува 7314 *км.*

Според релјефните карактеристики станува збор за мошне ниска држава со просечна надморска височина од 34*м*, а највисоката точка е кај местото Ејер Бавнехе од само 173*м* н.в. Нејзината територија е всушност пространа брановидна низина.

Климата е приморска, се одликува со свежи лета и благи зими. Врнежите ги носат западните океански ветрови, поради што поголемо количевство на врнежи има западниот отколку источниот дел на Данска. Во просек годишно 180 денови врне дожд.

Реките во Данска се кратки и непогодни за пловидба. Најдолга е реката Гуден со околу 160*км* должина. Има голем број на езера, од кои најголемо е езерото Аресо.

**Население и стопански   одлики**

Во Данска живеат над 5,8 милиони жители. Од земјите во Северна Европа е најгусто населена со густина од 135ж/км$^2$. 90% од нив се Данци кои припаѓаат на германската група на народи. Додека од другите народи живеат: Германци, Пољаци, Турци, Романци и др.

Главен, најголем и најнаселен град е Копенхаген, кој се наоѓа наспроти градот Малме во Шведска. Дури 87% од населението живее во градовите.

Други поголеми градови се: Олборг, Орхус, Оденсе и др. Според државното уредување е парламентарна уставна монархија, на чело со кралицата Маргарета II.





Сл.3 Знаме и грб на Данска

Службен јазик е данскиот, кој спаѓа во германската група на јазици, а на регионално ниво се користат инуитскиот на Гренланд, фарскиот и германскиот.

Данска има развиено земјоделско производство кое опфаќа одгледување на фуражни, житни и индустриски култури како и одгледување на цвеќиња. Најразвиени сточарски гранки се свињарството, говедарството (заради млеко и месо) како и одгледувањето на животни заради крзното. Таа е една од најпрепознатливите земји во светот по производството на висококвалитетни млечни и месни производи. Данска важи за водечка земја членка на Европската Унија во однос на риболовот. Шумите се застапени со само 10% и претставуваат насади од иглолисни дрвја.

Земјата е сиромашна со руди. Експлоатира нафта и земјен гас од Северното Море. Најголем дел од енергијата- 83%, се добива во термоцентралите, 1% се добива од хидроцентралите и останатите 16% од ветерниците.

Од индустриските гранки најважни се прехранбената (млеко, месо, риба, пиво), металската, машинската (земјоделски машини, велосипеди), бродоградбената, индустријата за мебел, индустријата за  играчки.  Данска остварува трговска размена со Германија, Норвешка, Шведска, Велика Британија и САД. Извезува машини, млечни, месни проиаводи, мебел, бродови, а увезува суровини, хемикалии и др.

# ИСЛАНД

## Природни одлики

Исланд е островска земја(втор остров по големина во Европа, после Велика Британија) која е оддалечена над 1000км од европското копно. Се наоѓа во северниот дел на Атлантскиот Океан, до самиот северен поларен круг. Зафаќа површина од 103 000$км^2$.




Сл.1 Географска положба на Исланд

Во релјефен поглед претставува висорамнина која речиси е ненаселена, висока помеѓу 600-1000*м*, а во јужниот дел се наоѓа највисокиот врв со околу 2100*м.* Единствените рамни предели се наоѓаат во близина на крајбрежјето. Има глечери кои зафаќаат 10% од територијата. Најголем глечер е Ветнајекул. Има и гејзери како поствулкански појави – извори со топла вода кои се користат за загревање на стаклените градини и на куќите. Таа е планинска земја со живи вулани и со многу гејзери. Има 140 вулкани од кои 30 се активни.

Кога зборуваме за Исланд неопходно е да го спомeнеме и вулканот Хекла, кој се наоѓа во јужниот дел на Исланд со висина од 1488*м*. Хекла е еден од најактивните вулкани на Исланд, дел е од вулкански гребен долг 40км. Други познати вулкани се: Катла, Бардарбунга, Гримсвот и др.

На север од земјата се наоѓаат многубројни фјордови.





Сл.2 Гејзер                                        Сл.3 Вулканот Хекла

Во јужниот дел владее атлантска клима со свежи лета и благи зими, а во северниот субполарна.  Од реките позначајни се Нордирау, Тјоурсау и др., а има и езера.

**Население и стопански одлики**

Во Исланд живеат околу 350 000 жители.  Ретко е населен. Главно населението го сочинуваат Исланѓани(кои припаѓаат во групата на Германи), а живеат и Данци. По уредување е република, со главен град Рејкјавик. Други поголеми градови се Борганес, Акуреири. Службен јазик е исландскиот, а се користи и англиски.

Поради суровата клима земјоделството е недоволно развиено. Се одгледуваат само неколку житарки и компир, а во стаклени градини се одгледува цвеќе и овошје, а од стоката се одгледуваат говеда, овци и коњи. Меѓутоа, развиен е риболовот, се лови харинга, бакалар и ракчиња. Развиени се прехрамбената индустрија и тоа индустријата за преработка на риба, потоа бродоградбената  и др.   Во Исланд железница нема, сообраќајот  главно се одвива по морски и воздушен пат.